Испитувањето на **перцепциите за животниот стандард на МЦМС и Телевизија Телма** покажаа дека **три четвртини од граѓаните (75,0%) себеси се гледаат во првата половина на скалата од еден до 10**. Сепак постои оптимизам затоа што 48,1% од испитаниците себеси се гледаат во втората половина од скалата за пет години од сега. Образованието и возраста на испитаниците влијаат на перцепциите па така, оние со повисоко образование и помладите се поотимистични во поглед на животниот стандард.




**Вработеноста кај мажите е повисока (50,9%)** од онаа кај жените (33,3%). Најголем број од вработените се на возраст помеѓу 30 и 49 години. Што се однесува до приходите, **една четвртина од граѓаните немаат лични приходи**, а меѓу нив побројни се жените (31,7%) од колку мажите (19,2%), етничките Албанци (38,4%) од колку етничките Македонци ((20,0%) и младите на возраст од 18 до 29 години (39,4%).

**Повеќе од половината (52,6%) едвај можат или не можат да си го дозволат неопходното**, додека само 12,8% можат да си дозволат повеќе од потребното. Меѓу оние кои не успеваат да си го дозволат неопходното побројни се етничките Албанци (39,4%) за разлика од етничките Македонци (17,6%), како и оние со пониско образование.

**Една третина од испитаниците не можат да си дозволат да одат на лекар кога имаат потреба од тоа**. Најбројни меѓу нив се оние без образование (70,0%) и оние со завршено основно образование (55,9%), земјоделците (59,1%) и невработените. Сепак, 61,4% изјавиле дека го набавуваат лекот приватно ако го нема во аптека во квотата на рецепт.

**Речиси половина од испитаниците не можат да си дозволат ниту еден ден одмор во годината.** Нивниот број се зголемува со возраста од 20,7% кај оние помеѓу 18 и 29 до 71,2% кај оние помеѓу 50 и 64 години. Етничките Албанци (59,7%) се побројни меѓу оние кои не можат да си дозволат ниту еден ден одмор, за разлика од етничките Македонци (42,7%). Неможноста за одење на одмор расте како што паѓа нивото на образование. Вкупно 38,9% можат да си дозволат максимум 10 дена, а **секој петти никогаш не бил на одмор** .




Повеќе од половината (53,5%) никогаш или ретко консумираат оброк во ресторан, а **82,0 % никогаш или ретко одат во кино или во театар**
. За сметка на тоа,
**78,2% се социјализираат преку дружењето со пријателите**
и тоа од еднаш дневно до неколку пати месечно.

За МЦМС и Телма, анкетата ја спроведе М-проспект. Податоците беа прибирани со телефонска анкета во периодот од 27 јуни до 5 јули 2018 година. Анкетата е спроведена

на национален репрезентативен примерок од 1000 испитаници.

Истражувањето е дел од проектот „Топ тема на ваша страна“, што го поддржа УСАИД.